# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**21.01.2019 год.** **Бр.II**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/2014), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**

***за објавување на актите донесени на 27-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 18.01.2019 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 27-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 18.01.2019 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр. 09-120/1 од 21.01.2019 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18), член 4 од Законот за јавен долг (“Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 88/08, 35/11 и 139/14), и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), Советот на Општина Крушево на седница одржана на 18.01.2019 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за долгорочно домашно задолжување на општина Крушево во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува долгорочно домашно задолжување на Општина Крушево, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, во висина на 4.920.000,00 денари, а со цел финансирање на проект **“Набавка на возила за превоз на ученици во Општина Крушево“.**

**Член 2**

Задолжувањето ќе се реализира по пат на домашно долгорочно препозајмување преку Проектот за подобрување на општинските услуги, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, под следниве услови:

**-каматна стапка: шест месечен EURIBOR со варијабилен распон**
**-рок на отплата: 10,5 години**
**-грејс период: 3 години**
**-Последниот датум на отплата на заемот нема да биде подоцна од 28.02.2030 година**

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-85/3 од 18.01.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административни службеници (“Сл.весник на Р.М.” бр.27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 142/16 и 11/18), Советот на Општина Крушево на дваесет и седмата седница одржана на 18.01.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2019 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на плати на државните службеници за периодот од 01.01.2019 година до 31.08.2019 година изнесува 77,24 денари, а за периодот од 01.09.2019 година до 31.12.2019 година изнесува 81,10 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Член 3**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2019 година бр.08-1327/8 од 27.12.2018 година.

**Бр.08-85/4 од 18.01.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 11 став 1 точка 3 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на Р.М.” бр.38/96, 9/97,6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007 и 16/14), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 18.01.2019 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за давање Согласност на одлуката за кофинансирање на Проект „Набавка на трактор со приклучна механизација” од ЈП „Комуна” Крушево***

1. Советот на Општина Крушево, дава Согласност на одлуката за кофинансирање на Проект “Набавка на трактор со приклучна механизација” од ЈП „Комуна” Крушево, бр.02-5/3 од 15.01.2019 година, донесена од Управниот одбор на ЈП “Комуна” Крушево.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП”Комуна” и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-85/5 од 18.01.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 и член 63 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на Р.М.” бр.5/2002), член 19 а. став 4 и член 23 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.Весник на Р.М.” бр.38/96; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15; 39/16 и 64/18), и член 62 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/14), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на директор на**
**ЈП „Комуна” Крушево**

1. За директор на ЈП „Комуна” Крушево, СЕ ИЗБИРА Наум Илиески од Крушево;

2. Мандатот на директорот трае четири години.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево, а ќе се применува од 23.01.2019 година.

4. Примерок од ова Решение да се достави до именуваниот, ЈП „Комуна” Крушево и Архива на Општина Крушево.

О б р а з л о ж е н и е

Општина Крушево објави Јавен конкурс за избор на директор на ЈП „Комуна” Крушево бр.04-52/2 од 09.01.2019 година. Конкурсот беше објавен во дневните весници Нова Македонија, Вечер и Лајм на 11.01.2019 година.

Комисијата за постапување по Јавниот конкурс после проверката на пристигнатата докуменатција, истата ја достави до градоначалникот на Општина Крушево на 21.01.2019 година.

Согласно член 19а. став 4 од Законот за јавните претпријатија, Градоначалникот на Општина Крушево се реши како во диспозитивот.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на истото до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Бр. 09-132/1 од 22.01.2019 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р**

С О Д Р Ж И Н А

Ре.бр. стр.
1. Заклучок за објавување на актите од 27-та седница на Советот на Општина Крушево......... 1
2. Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Крушево во рамките на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP) ........................................................ 1

3. Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2019 година …………………….. 1
4. Заклучок за давање Согланост на одлуката за кофинансирање на Проект “Набавка на трактор со приклучна механизација” од ЈП “Комуна” Крушево ……………………………………… 2
5. Решение за избор на директор на ЈП “Комуна” Крушево ……………………………… 2

Редакциски одбор на Општина Крушево.